Врз основа на член 11 од законот за социјална заштита („Службен весник на РМ“ бр. 104/19 и 146/19), член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 21 став 1 точка 11 и член 15 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на дваесет и петтата редовна седница одржана на 17.09.2019 година, донесе

ПРАВИЛНИК

за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на едократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на остварување на правото на еднократна парична помош и потребна документација за остварување на ова право.

Член 2

Барањето за остварување на правото на едократна парична помош се доставува до Градоначалникот на општина Валандово, преку Архивата на општина Валандово.

Разгледувањето на барањето од одредбата на став 1 на овој член, нивната обработка како и постапување по истите, го врши 5-члена Комисија, формирана од страна на Градоначалникот на Општина Валандово.

Врз основа на приложената документација, пропишана со овој Правилник, Записникот од извршениот увид за утврдување на постоење на социјален ризик, како и врз основа на својот наод и мислење и/или извршена проценка на штета, Комисијата доставува до Градоначалникот Предлог за доделување на средства во вид на еднократна парична помош.

Член 3

Подносителот на барањето за доделување на еднократна парична помош, заради добивање на помошта, за себе и за семејството приложува:

1. Фотокопија на важечка лична карта;
2. Фотокопија на извод од матичната книга на умрените, за починат член на семејството (доколку барањето се однесува за состојба на социјален ризик поради смрт);
3. Потврда од Агенцијата за вработување на Р.С.Македонија, за невработени членови на семејството (доколу се работи за состојба од социјален ризик поради невработеност); и
4. Фотокопија од Трансакциска сметка;

Комисијата е должна, од поднесителот на барањето да побара на увид во текот на постапката, оригинали за сите приложени фотокопии.

Недостатокот на некој од горенаведените документи, го исклучува барањето од можност за негова понатамошна обработка.

Член 4

Положбата од социјален ризик за утврдување на право на користење и на критериумите за доделување на средства во вид на еднократна парична помош се утврдува врз основа на следните документи:

1. Записник од надлежен орган за претрпена природна непогода (пожар, поплава, земјотрес);
2. Медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член од семејството (конзилијарно мислење од соодветна Клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдената партиципација);
3. Медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа);

4. Решение од надлежниот центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој;

5. Потврда од Центарот за социјална работа дека лицето е евидентирано под некоја од следните категории лица: инвалиди, деца без родители и без родителска грижа, деца со пречки во телесниот и менталниот развој, децата на улица, децата со воспитно-социални проблеми, децата од еднородителски семејства, лицата кои злоупотребуваат дроги и алкохол, жртви на семејно насилство, жртви на трговија со луѓе, стари лица без семејна грижа и лица со друг вид на социјална исклученост.

Горенаведените документи ќе послужат за утврдување на приоритет при доделување на финансиски средства и недостаток на некој од нив не го исклучува барателот на социјална помош од постапка.

Член 5

Еднократна парична помош ќе се доделува на семејства кои настрадале од природна непогода (пожар, поплава, земјотрес).

Помошта во зависност од причинетата штета е од две категории:

- Прва категорија – 20 000,00 денари
- Втора категорија – 10 000,00 денари

Составен дел на барањето е записник од надлежен орган за претрпена природна непогода.

Член 6

Средствата предвидени во буџетот на годишно ниво за еднократна парична помош за лекување ќе се распределуваат според следните критериуми:

1. Лекување со оперативен зафат надвор од државата до 8 000,00 денари
2. Лекување надвор од државата до 6 000,00 денари
3. Лекување со оперативен зафат во државата до 4 000,00 денари
4. Лекување со соодветни испитувања до 3 000,00 денари

Составен дел на барањето е медицинската документација со која подносителот на барањето располага.

Правилникот важи за исклучително тешки болести кои го загрозуваат животот.

Средствата од став 1 на овој член може да се користат само еднаш во текот на една календарска година.

Член 7

Предност за користење на средствата согласно член 5 и 6 ќе имаат жители на општина Валандово.

Член 8

Правилникот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Валанадово“

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков